Место за растење:
Општини посветени
на децата

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница

2025- 2029



ВИНИЦА

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница

Оваа стратегија е изработена од Општина Виница, со поддршка и во рамки на проектот **„Место за растење: општини посветени на децата“** (бр. на договор: NDICI-THE-NEAR/2022/441-591), кој се спроведува од партнерските организации:

- Меѓаши | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“
- КМОП Скопје | Центар за семејно и детско згрижување

Место за растење:
Општини посветени
на децата

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и Општината и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Содржина

1. Вовед 4

2. Анализа на состојбата со правата на децата 8

2.1. Дискриминација на децата 8

2.2. Учество на децата во донесување одлуки 9

2.3. Пристап до основни социјални услуги 10

2.4. Право на безбедна и здрава животна средина 12

2.5. Право на игра, рекреација, спорт, култура и семеен живот 14

3. Визија, стратешки цели и стратегии 15

3.1. Визија 15

3.2. Стратешки цели и стратегии 15

4. Вклучени чинители и соработка 18

5. Спроведување на стратегијата и мониторинг и оценка 20

ПРИЛОГ 1: Акциски план за спроведување на Стратешкиот план за правата на децата на теритиријата на Општина Виница 21

1. Вовед

Согласно обврските прифатени од страна на земјата со ратификацијата на Конвенцијата за правата на детето, како и според домашното законодавство и законите кои се однесуваат на локалната самоуправа, произлегува и обврската секоја општина во земјата да обезбедува услови за унапредување, остварување и заштита на правата на детето. Општина Виница работи на остварување на оваа своја улога и прави заложби да стане високо посветена кон децата и нивните потреби, односно да стане пријателска кон децата. Следејќи ја оваа своја определба Општина Виница зема активно учество во Проектот „Место за растење: општини посветени на децата“, кој е спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, почнувајќи од февруари 2023 година до јули 2025 година. Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country- Based Support Schemes in North Macedonia). Целта на проектот е да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учеството на децата во локалното планирање, во пет општини во Македонија: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода. Една од задачите на проектот е да обезбеди поддршка на овие општини во развојот и операционализацијата на локални стратегии за правата на децата преку партиципативни процеси, засновани на најдобрите практики во ЕУ.

Овој стратешки план е подготвен согласно на методологијата препораечана од УНИЦЕФ во рамките на Иницијативата за градови пријатели на децата (The Child Friendly Cities Initiative) која започна во 1996 година со цел да одговори на предизвиците за остварување на правата на децата во сè повеќе урбанизираниот и децентрализиран свет. Иницијативата подразбира здружување на локалните заинтересирани страни за создавање безбедни, инклузивни и градови и заедници кои се одговорни кон потребите на децата. „Град пријателски за деца“ е град, заедница или кој било систем на локална власт посветена на исполнување на детските права како што се артикулирани во Конвенцијата за правата на детето. Тоа е град или заедница каде што гласовите, потребите, приоритетите и правата на децата се составен дел на јавните политики, програми и одлуки. Иницијативата функционира во повеќе од 3.000 градови и заедници низ светот и продолжува да се шири секоја година, а веќе опфаќа 30 милиони деца во 38 земји. Во 2017 година УНИЦЕФ го објави Прирачникот за иницијативи за градови пријатели на децата кој нуди сет на тестирани алатки и добри практики од повеќе земји, како и чекор-по-чекор упатства и рамка за акција. Процесот на подготовка на стартешките планови за правата на децата во општините вклучени во проектот „Место за растење: општини посветени на децата“, се спроведуваше согласно на насоките дадени во овој Прирачник.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Општина Виница

14.222
жители

2.547
деца (жители на возраст до 18 години)

1
јавна детска градинка

4
општински основни училишта

1
средно училиште

КМОП СКОПЈЕ

Подготовката на Стратешкиот план за правата на децата на територијата на Општина Виница 2025-2029 се одвиваше во периодот мај – декември 2024 година и подразбираше широк консултативен процес кој ги вклучи сите засегнати и заинтересирани страни, со особено внимание да се идентификуваат најсуштинските предизвици и да се осигура дека стратешкиот план е одраз на вистинските потреби на децата во Општина Виница.

Клучна улога во процесот на консултациите имаше Локалниот панел за правата на децата на Општина Виница. Овој панел е воспоставен како посебно тело кое обезбедува структурирана и фокусирана работа поврзана со правата на децата и донесувањето на локалниот стратешки план. Панелот се состои од претставници од општинската администрација, воспитно-образовен кадар и стручни служби од основните и средните училишта, градинките, центри за социјална работа, полиција, претставници на децата и други чинители. Овие претставници во текот на првата година од проектот беа обучени во областа на детските права заради стекнување соодветни знаења и вештини. Обуките опфатија теми како: општи концепти за правата на децата, градови посветени на децата, детското учество, што значи суштинско детско учество во средина што тоа го поттикнува и овозможува, кои се етичките аспекти на детското учество, кои се методите и техниките за вклучување и консултација на децата при различни процеси на носење одлуки, која е улогата на локалната самоуправа при процесот на локално планирање и како да се земат предвид правата на децата. На обуките особено внимание беше посветено на прашањата за надлежностите на општината кои што се директно поврзани со остварувањето, унапредувањето, практикувањето и заштитата на правата на децата, и тоа во областите на: образованието; урбанизмот; заштитата на животната средина; социјалната заштита; здравствената заштита; културата; спортските активности и рекреација како и комуналната сфера.

Локалниот панел беше главниот столб во процесот на обезбедување на релевантен придонес во подготовката на локалната стратегија за унапредување на правата на децата и беше клучниот форум за дискусија во врска со стратегијата. Панелот работеше на состаноци и онлајн. Во текот на процесот Панелот одржа три средби/работилници со физичко присуство. После конститутивниот состанок на 30 мај 2024 се одржа првата работилница на Панелот на која беше отворена расправа за тоа кои се клучните области во однос на правата на децата кои треба да бидат адресирани во Општина Виница, се дискутираше за тоа кои се приоритетните прашања на кои треба да се работи, се предложија мерки кои треба да бидат преземени и беа дадени насоки за алоцирање на одговорности во врска со истите.

После првата работилница на Панелот следуваше процес на консултации со децата кои имаа за цел да овозможат да се идентификуваат клучните проблеми во остварување на детските права од перспектива на децата и да се приберат нивните очекувања што треба да се промени и што да се преземе. При порцесот на консултации беше користен инклузивен и партиципативен пристап при што учествуваа и деца: со посебни потреби, од различни етнички заедници, од рурални средини, од семејства во социјален ризик, од различен пол и возраст; деца кои се мета на дискриминација и жртви на некаков вид насилство.

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Консултациите опфатија 50-тина деца од градинки, основни и средни училишта. Со децата од градинка на возраст од 3 до 6 години и со учениците во основните училишта од прво до петто одделение консултациите се одвиваа во градинката и во училиштата во периодот од 4 до 8 октомври 2024 година. На 15 октомври 2024 година, пред одржување на состанокот на Локалниот панел, беа реализирани консултации со учениците од шесто до девето одделение од основните училишта и со учениците од Средното општинско училиште. Со малите деца за консултирање се користеа активности засновани на уметност, игри, творење, подготовка на видео и аудио записи, додека со поголемите деца се користеа анкети, прашалници, дискусии и работилници.

Втората работилница на Панелот се одржа на 15 октомври 2024 и на неа децата заедно со наставниот кадар ги презентираа резултатите од консултациите. Во вториот дел од работилницата Панелот работеше на приоретизирање на клучните проблеми и прашања кои треба да бидат адресирани со локалната стратегија, на дефинирање на стратешките цели, резултатите кои треба да се постигнат и активностите кои треба да бидат преземени. Врз основа на записниците од работилниците и консултациите со децата беше подготвен нацрт акцискиот план, кој, на третата средба на Панелот која се одржа на 12 декември 2024, беше дискутиран и надополнет со индикатори за успехот, потребни ресурси и улоги и одговорности за секоја активност.

Процесот на консултации во врска со Стратегијата и подготовката на документот заедно со акцискиот план беше воден од консултант – специјалист за стратешко планирање, во непосредна соработка со локалниот фацилитатор назначен од Општината, а поддржуван од проектниот тим на проектот „Место за растење: општини посветени на децата“.

Во овој документ, во кој се сумирани резултатите од процесот на стратешко планирање, се земени предвид дискусиите и заклучоците од работилниците на Панелот и мислењата на децата прибрани низ процесот на консултации. Текстот на Стратегијата во нацрт форма беше доставен и за коментари од страна на Панелот.

2. Анализа на состојбата со правата на децата

2.1. Дискриминација на децата

Согласно на Конвенцијата за правата на детето државата е обврзана да ги почитува правата на секое дете без дискриминација по основ на раса, пол, јазик, вероисповед или социјално потекло. Локалните самоуправи играат клучна улога во спроведувањето на Конвенцијата, осигурувајќи дека сите одлуки и активности се базирани на нејзините основни принципи. Сепак, постојат значителни проблеми кои го нарушуваат принципот на недискриминација. Во истражувањето кое Меѓаши го спроведе во 2020 година околу 42% од децата изјавиле дека се почувствувале дискриминирани, најчесто поради возраста, полот, финансиската состојба на семејството, изгледот, телесната тежина или етничката припадност. Децата често се сведоци на дискриминација (34%), но не секогаш реагираат поради страв или чувство на немоќ. Во одредени случаи, тие се спротивставуваат или бараат помош од наставници и стручни служби.

Најранливи се децата од малцинските групи, особено Ромите, кои често се соочуваат со директна и индиректна дискриминација. Многу деца се соочуваат со голема сиромаштија и исклученост од образовниот систем, што понатаму резултира со исклученост од пазарот на труд и од општеството генерално. Децата со попреченост исто така се соочуваат со исклученост и недостаток на соодветна поддршка. Според анализите на УНИЦЕФ иако има одреден напредок со реформите во образованието, многу деца со попреченост сеуште немаат пристап до училиште и соодветни ресурси за нивно образование што ги ограничува нивните можности да учествуваат целосно во општеството.

Дополнително дискриминацијата е широко вкоренета во општествените ставови особено кон деца од различна етничка припадност и различни способности што укажува на потреба од натамошни одржливи интервенции со кои би се адресирале тие нееднаквости. И покрај тоа што темата недискриминација е опфатена во образовните содржини, впечаток е дека по тоа прашање не се работи доволно во училиштата, па постои недоволна едукација меѓу децата и младите за прашањето на недискриминација. Сеуште кај децата и младите е недоволно развиена свеста и сензитивноста за различностите и кај нив се јавуваат стереотипи и предрасуди особено по прашања на социјален и економски статус и род.

Низ консултативниот процес за Општина Виница особено беше нагласена недоволната инклузија на лица со посебни потреби во образованието, како и дискриминацијата врз основа на етничка припадност и социоекономски статус, што се должи на економски и социјални нееднаквости и недоволната свесност кај родителите. Ваквата состојба води до социјална изолација на овие деца, лимитирани можности и ограничен развој на децата.

2.2. Учество на децата во донесување одлуки

Учеството на децата во донесување на одлуки кои ги засегаат е многу ограничено, иако има одреден позитивен развој во последните години. Како дел од своите обврски во однос на Конвенцијата за правата на детето земјата се обврза на подобрување на детското учество, но остануваат предизвиците да се осигура дека децата се навистина слушнати и дека нивните мислења се земени во предвид при носењето на одлуки. Според анализата на Меѓаши за правата на децата од 2020 година, иако 80% од децата сметаат дека треба да се консултираат при носење одлуки кои се однесуваат на нив, само 10% активно учествуваат во активности за заштита на правата на децата. Главните пречки се недоволно почитување на нивните мислења и недостаток на ресурси за младински иницијативи. Сепак, во истражувањето децата ја препознаваат важноста на здружувањето и улогата на организациите кои ги поддржуваат нивните права. Па така детското учество во јавниот живот главно се канализира преку училиштата и младинските организации. Значајна иницијатива претставува детскиот парламент каде децата можат да ги изразат своите ставови за одредени прашања. Се прават напори да се промовира учество особено преку реформи во образованието. Повеќе меѓународни организации и локални здруженија спроведуваат низа програми за гардење на капацитет насочени кон едукација за младински политики, детско учество и младинско лидерство. Сепак средношколските организации и понатаму не успеваат целосно да ги претстават младинските интереси и да овозможат учество.

За да се осигура учеството на локално ниво Законот за младинско учество и младински политики донесен во 2022 предвидува младински совети кои ќе овозможат интегрирање на гласот на младите во развојот на политиките. Ефективноста на младинските совети сеуште не може да се потврди, а недовербата на младите во институциите останува. Па така истражувањата направени од Националната платформа за политики покажуваат дека 70% од младите никогаш не биле консултирани од локалните или националните власти, а 80% од младите се опишуваат себеси како општествено неактивни. Поголем дел од младите не се доволно информирани и не знаат дали нивната локална самоуправа има некакви механизми преку кои се обезбедува учество на младите во донесувањето одлуки.

Консултациите потврдија ограничено вклучување на децата во процесите на донесување одлуки во Општина Виница, што се должи на отсуство на механизми за соработка меѓу возрасните и децата, ненавремена реакција на потребите на децата и недостаток на поддршка за реализација на потенцијалот на децата.


> **„Три кутии за предлози од учениците поставени во училишниот хол“**
>
> *од консултации во СОУ „Ванчо Прке“ - Виница

2.3. Пристап до основни социјални услуги

Ситуацијата со основните социјални услуги за децата во државата укажува на низа проблеми и покрај напорите на владата и низа чинители да го подобрат пристапот и квалитетот.

Иако основното образование е задолжително и бесплатно, сеуште постојат разлики. Така децата од ранливите категории, како оние со попреченост и оние од малцинските етнички заедници, се соочуваат со пречки во пристапот кон квалитетно образование. И покрај напорите за воведување инклузивно образование, неговата имплементација е неконзистентна, а училиштата се несоодветно опремени за потребите на децата со попреченост. Така според анализата на Меѓаши за правата на децата само 29% од училиштата имаат пристапни рампи за деца со попреченост. Покрај тоа, општо земено, постојат и низа други проблеми во училиштата како несоодветна хигиена и ограничени просторни можности и ресурси за спортски и други активности.

Генерално децата имаат пристап до здравствена заштита, но сепак во маргинализираните заедници тие се соочуваат со значајни бариери. Многу деца немаат пристап до соодветна и навремена здравствена грижа, особено оние без здравствено осигурување или од сиромашни семејства. Според податоците на УНИЦЕФ децата од овие заедници имаат пониска стапка на вакцинација и ограничен пристап до специјалистички здравствени услуги. Се забележува и проблем на недоволна ухранетост, како и гојазност кај децата што повторно укажува на социо-економските разлики. Менталното здравје е исто така занемарено, со недоволно достапни услуги за децата.



Системот за социјална заштита се соочува со недостаток на ресурси, особено услугите за заштита на децата и поддршка на ранливите категории. Детската сиромаштија останува широко распорстанета, а многу деца, особено од сиромашните семејства намаат соодветно домување, исхрана и други основни услуги. Помошта за овие деца често доаѓа преку хуманитарни акции наместо да се осигура институционална поддршка. Детскиот додаток за семејствата кои се во лоша материјална состојба е недоволен да ги покрие основните потреби.

Процесот на деинституционализација го намали бројот на деца во големите институции, но малите домови лоцирани во заедниците сеуште се во развој и имаат потреба од посериозна поддршка. Услугите за децата кои се соочуваат со насилство, злоупотреба или негрижа не се доволно финансирани и недостасува координација. Извештаите на УНИЦЕФ укажуваат дека многу деца, особено од маргинализирните заедници, се во ризик од семејно насилство и други форми на експлоатација. Услугите за поддршка на овие деца, како што се шелтер центри и советување, се ограничени и недоволно достапни.

При консултациите за приоритетните прашања во врска со основните социјални услуги достапни за децата во Општина Виница беше нагласено зголемувањето на бројот на малолетници со проблематично однесување, што се должи на поголем број на дисфункционални семејства, што води до отсуство од училиште и занемарување на образованието, малолетничка деликвенција, лимитирани можности и ограничен развој на децата.

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

2.4. Право на безбедна и здрава животна средина

Осигурувањето на безбедна животна средина за децата во земјата подразбира низа предизвици, вклучувајќи безбедност во сообраќајот, во институциите, на јавните простори и во спортските објекти. Безбедноста во сообраќајот е посебно загрижувачка бидејќи децата се посебно ранлива категорија и изложени на несреќи заради несоодветната сообраќајна инфраструктура. Примената на сообраќајните закони е неконзистентна, а сообраќајната свест и култура се недоволни за децата да бидат безбедни на улиците.

Во однос на безбедноста во институциите, како што се училиштата и гадинките, има одредени подобрувања, но и понатаму остануваат повеќе предизвици да се обезбеди целосно безбедна и инклузивна средина. И понатаму има примери на физичко и вербално насилство, посебно насочено кон маргинализирани групи. На децата им недостасува врсничка поддршка и солидарност, а девијантните појави можат сериозно да го нарушат чувството дека училиштата се безбедна средина и негативно да влијаат на нивото на самодоверба на децата и нивната социјализација со своите врсници.

Недоволната сензибилност кон предизвиците на дигитализацијата како и немање контрола над медиумите и социјалните мрежи отвораат низа прашања поврзани со тоа колку се безбедни децата на интернет, какви пораки добиваат и како тие влијаат на градење на нивната личност. Небезбедноста на интернет ја потврдуваат и истражувањата каде испитаниците одговориле дека најбезбедно се чувствуваат дома (91,2 %), а најмалку безбедни на интернет (31,9 %).

Во однос на чистата животна средина, загадувањето и квалитетот на воздухот се клучните проблеми во урбаните средини. Високото ниво на загаденост на воздухот е сериозен проблем особено во зимскиот период. Ова негативно влијае врз физичкото и менталното здравје на децата.

Дополнителни еколошки проблеми се загадувањето на водите и почвата, недоволно зеленило и присуство на диви депонии. Пристапот до чиста вода и безбедни јавни простори е ограничен во руралните области.

При консултациите за приоритетните прашања во врска со животната средина и безбедноста во Општина Виница беа истакнати неколку специфични проблеми: загадена животна средина поради несоодветно управување со отпадот, кучиња скитници кои претставуваат опасност, несоодветна сообраќајна култура и сигнализација и недоволно јавно осветлување во градот и селата. Овие проблеми произлегуваат од недостаток на ресурси, неразвиена свест за екологија и несовесни сопственици на миленици, а состојбата може да води до физички повреди, страв и стрес кај децата, сообраќајни незгоди и генерално намалена безбедност и квалитет на животната средина.

> **„Проблеми: фрлање отпадоци на несоодветно место, прекршување на правилата, загадување на земјата, нечист воздух“**
>
> *од консултации со децата во ООУ Славчо Стојменски

2.5. Право на игра, рекреација, спорт, култура и семеен живот

Иако во последните години генерално се забележува напредок во создавањето услови за игра и рекреација, сепак, многу деца сè уште немаат пристап до вакви активности поради географски или економски бариери. Пристапот до објекти за спорт е ограничен особено во руралните области и за маргинализираните групи како децата со попреченост и децата Роми. Иако училиштата нудат основно физичко образование, можностите за организиран спорт надвор од училиште се концентрирани главно во урбаните средини и се поврзани со виски трошоци.

Пристапот до чисти јавни простори, паркови и отворени спортски терени е ограничен особено во некои региони што влијае на можноста за безбедни рекреативни активности на децата. Тоа го потврдуваат и децата, па така иако половина од нив имаат доволно слободно време, многумина наведуваат дека им недостигаат зелени површини, спортски терени и културни активности во нивните места на живеење. Парковите и игралиштата се сконцентрирани во урбаните средини, често се лошо одржувани или пак има премногу гужва. Загадениот воздух исто така влијае активностите на отворено на децата да бидат ограничени.

И пристапот кон културни активности, како што се учество во уметност, театар и музика, не е еднаков, па поголемите урбани центри имаат повеќе можности за културни активности. Додека пак децата од руралните средини, како и оние кои се маргинализирани, се соочуваат со бриери како трошоци, превоз и недостаток на програми кои се подготвени согласно на нивните потреби.

Организирани активности за спорт, рекреација и култура за деца со попреченост сеуште има многу малку.

Децата во Општина Виница имаат недостаток на спортски клубови, велосипедски патеки, игралишта и спортски сали, што е резултат на недоволно инвестиции во инфраструктурата за деца. Исто така тие имаат ограничен пристап до културни активности (театар, кино, концерти). Ограничените можности за рекреација и дружење водат до намален физички развој на децата, зголемување на времето кое децата го помунуваат пред екраните и непродуктивно користење на времето.

> **„- Да има отворена кино сала,**
> **- Да се организираат повеќе манифестации,**
> **- Да има забавни настани“**
>
> *од консултации со децата во ООУ Кочо Рацин **с. Блатец**

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

3. Визија, стратешки цели и стратегии

3.1. Визија

Визијата на Општина Виница е секое дете и млад човек да ужива во своето детство и младост и да го достигне својот целосен потенцијал преку реализација на своите права во својот град и заедница.

3.2. Стратешки цели и стратегии

Стратешка цел 1: Секое дете, млад човек да е ценет/о, почитуван/о и третиран/о правично во рамките на заедницата и од локалните власти

Во рамките на оваа цел посебно внимание ќе се посвети на децата со попреченост со намера да се зајакнат капацитетите на воспитно образовните институции и родителите за нивните права, како и на намалување на дискриминацијата врз основа на етничка припадност и економски статус.

Стратегии за реализација на целта:

- Формирање на тим кој ќе работи специфично на состојбата на децата со попреченост
- Едукација на родителите во градинки и основни училишта за правата на децата со попреченост
- Јакнење на свеста на родителите, вработените во институциите и учениците во врска со дискриминацијата
- Посредување при вработување за семејствата од социјален ризик.

Стратешка цел 2: Секое дете, млад човек има свој глас, потреби и приоритети слушнати и земени предвид во локалните плитики, буџети, програми и одлуки кои влијаат на нив

Општината ќе работи да осигура вистинско детско учество и да ги зема предвид потебите на децата во донесување на локалните политики.

- Стратегии за реализација на целта:
- Активно и транспарентно работење на Локалниот младински совет
- Активности за прибирање на мислења и предлози од децата (преку настани, ученички парламент, социјални мрежи...)
- Промоција на општествен ангажман на децата и младите и поддршка на младински организации
- Организација на средби на децата со градоначалникот и општинската администрација и присутво на седници на Советот на Општината.

Стратешка цел 3: Секое дете, млад човек има пристап до квалитетно образование и квалитетни основни социјални у

Во рамките на оваа цел Општината ќе работи на намалување на проблематичното однесување на децата и поддршка и згрижување на децата во ризик.

Стратегии за реализација на целта:

- Советодавна работа со дисфункционални семејства и малолетници во ЈУЦСР и училишни советодавни центри
- Формирање на тим за координација меѓу ЦСР и училиштата за да се следат децата во нивниот развој и прилагодување на пристапот (база на податоци)
- Едукација на родителите
- Отворање на центар за згрижување на деца во ризик.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ Со ТЕБЕ

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 4: Секое дете, млад човек живее во безбедна, сигурна и чиста животна средина

Намерата на Општината е да овозможи децата да живеат во чиста и убава средина и да можат безбедно да се движат на територијата на општината.

Стратегии за реализација на целта:

- Преземање мерки да се осигура зајакнат ангажман и присуство на инспектори на терен за преземање репресивни мерки
- Поставување на контејнери за селектирање и рециклирање отпад
- Активности за информирање и подигнување на свеста на граѓаните
- Поставување на еко-бокс и еко телефонска линија за предлози од граѓаните и комуникација со инспекторите
- Запознавање на децата со сообраќајните правила (работилници, предавања)
- Обезбедување паркинг простори
- Кастрирање и стерилизација на кучиња
- Заловување на кучиња скитници и меѓуопштинска поддршка во започнување на иницијатива за отворање на регионален стационар за згрижување кучиња.

Стратешка цел 5: Секое дете, млад човек има можност да ужива семеен живот, игра и слободно време

Со оваа цел Општината има намера да поттикне поголемо учество на децата во активности од областа на спортот и културата.

Стратегии за реализација на целта:

- Изградба на велосипедска патека
- Иницијатива до МОН за изградба на Спортска сала во ООУ„Гоце Делчев“ – Виница
- Мали маалски игралишта
- Обезбедување на греење и опремување на спортската сала во с.Блатец
- Младински Културен Центар
- Редовен репертоар на филмови, претстави, концерти, фестивали преку домот на културата
- Активности за негување на традицијата
- Реновирање на кино салата во с.Блатец

КМОП СКОПЈЕ

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

4. Вклучени чинители и соработка

Клучната одговорност за спроведувањето на Стратегијата ја имаат соодветните одделенија во Општина Виница вклучувајќи Одделение за јавни дејности, Одделение за финансии, Одделение за инспекциски надзор, Одделение за комунални работи, Одделение за урбанизам, Одделение за човечки ресирси, Службеникот за млади, Тимот за млади, Кабинетот на градоначалникот и Советот на Општината. Општината ќе ги координира и имплементира мерките од акцискиот план, ќе обезбедува финансиски средства и ресурси за реализација на активностите, ќе донесува локални политики и регулативи кои ги поддржуваат целите на планот и ќе организира активности и настани за информирање и подигање на свеста за Стратегијата.

Во спроведувањето на акцискиот план и соодветните мерки од Стратегијата, Општина Виница ќе ги вклучува и континуирано ќе соработува со соодветните локални институции. Училишта и градиниките ќе бидат клучен партнер во релизација на низа мерки од Стратешкиот план. Важна улога ќе има и Центарот за социјални работи, комуналните претпријатија, полициската станица, домот на културата, музејот и други релевантни институции.

Неопходна ќе биде добра соработка, координација и поддршка од Владата и соодветните министерства вклучувајќи Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за животна средина, Министерството за култура и туризам и Министерството за спорт.

За реализација на сите стратешки цели од големо значење ќе биде соработката со граѓанските организации. Тие ќе бидат значајна поддршка во спорведувањето на активностите, застапување за обезбедување средства и поддршка и мониторинг на реализацијата на мерките. Граѓанските организации ќе можат да се вклучат во организирање обуки, работилници, јакнење на свеста и кампањи насочени кон детските права. Месните заедници, здружението на пензионери, спортските клубови и културно-уметничките друштва исто така ќе се вклучат во реализација на дел од активностите.

Значајна улога и поддршка се очекува да биде обезбедена од страна на социјално одговорните компании кои можат да се јават како партнери во финансирање, спонзорирање и промоција на активностите. За дел од мерките Општината ќе соработува и ќе бара поддршка и од меѓународни доноатори.

Како примарни носители на грижата за децата родителите и семејствата ќе имаат клучна улога и можат да дадат знаечаен придонес кон остварување на целите на Стратегијата вклучувајќи непосредно учество во активностите, соработка со училиштата, стручните служби во училиштата и гадинките, Општината и граѓанските организации, поттикнување активно учество на децата во донесувањето одлуки дома и во заедницата и креирање поддржувачка средина која ја промовира инклузијата и почитувањето на детските права.

Општина Виница, во линија со праксата на вклучување во процесот на подготовка на Стратешкиот план и во согласност со втората стратешка цел (учество на децата), ќе создава можности за вклучување на децата и младите како најнепосредно засегнати од оваа Стратегија. За таа цел ќе се овозможат различни форми за нивно учество (форуми, дебати) во процесите на дизајнирање на активностите и во нивното спроведување, а исто така и во следењето и оценката на прогресот на Стратегијата.



5. Спроведување на стратегијата и мониторинг и оценка

Стратешкиот план за правата на децата на територијата на Општина Виница ќе се спроведува во периодот 2025-2029. Спроведувањето на Стратешкиот план ќе се операционализира преку натамошно детализирање и спроведување на акцискиот план кој е во прилог на стратегијата. Прегледување и проверка на овие документи на годишна основа ќе овозможи тековно прилагодување на Стратегијата на најактуелните потреби на децата, како и можност за натамошно учество на сите засегнати страни во процесот на планирање. За таа цел секоја година Општина Виница ќе организира навремени консултации во кои клучна улога ќе имаат членовите на локалниот панел кој беше формиран со цел да ја поддржи подготовката на стратешкиот план. Консултациите ќе имаат цел да се разработат детални планови за предвидените активности и да се испланираат финансиски средства кои ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за секоја наредна година соодветно.

Средства потребни за спроведување на мерките за кои е потребно финансирање, освен од Буџетот на Општина Виница, ќе се обезбедуваат и преку барање финансиска поддршка од Владата и соодветните Министерства, меѓународни организации и донатори, како и од општествено одговорни компании и социјални претпријатија кои работат на територијата на Општина Виница.

Резултатите од спроведувањето на Стратешкиот план ќе се документираат и ќе бидат презентирани во годишен извештај. Податоци за прогресот ќе се прибираат од терен и од извештаите за спроведените активности.

Успехот на спроведувањето на Стратегишкиот план ќе се следи и оценува од назначените служби во Општината и од Локалниот панел за правата на децата. Други заинтересирани чинители исто така ќе можат да дадат свој придонес во процесите на мониторинг на спроведувањето на Стратегијата. За таа цел Општина Виница секоја година ќе организира најмалку две средби на Локалниот панел за правата на децата на кои ќе биде презентиран прогресот во спроведувањето, предизвиците со кои се соочува Општината при спроведувањето на предвидените мерки од Стартегијата и ќе се овозможува низ консултации да се бараат најсоодветни решенија за нивно надминување. На средбите покрај претставниците на Панелот, ќе можеда учествуваат и заинтересирани граѓански организации, претставници на наставниот кадар и стручните служби во воспитно-образовните установи и претставници на учениците кои ќе споделуваат информации за состојбата и ќе даваат свои мислења и предлози. Заклучоците од средбите и прибраните мислења ќе бидат основа за евентуално ревидирање на Стратегијата, акцискиот план и планирање на следните фази.

Спроведувањето на Стратегијата ќе биде соодветно промовирано во јавноста од страна на одговорните служби во Општината кои ќе обезбедуваат медиумска покриеност со цел да се зајакне транспарентноста во врска со активностите кои Општината ги презема да осигура почитување на правата на децата, да се гради јавната свест за овие теми и да се поттикнува поддршка за процесите кои ќе бидат иницирани со Стратегијата.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

ПРИЛОГ 1:

АКЦИСКИ ПЛАН

за спроведување на Стратешкиот план за правата на децата на територија на Општина Виница

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 1: Секое дете, млад човек да е ценет/о, почитуван/о и третиран/о правично во рамките на заедницата и од локалните власти;

Резултат	Индикатори
1.3 ајакнат капацитет на воспитно образовните институции и родителите за правата на децата со попреченост во образовниот систем	- Број на родители на деца со попреченост кои се вклучени во работилниците - Број на образовни асистенти - Број на лични асистенти - Број на воспитно образовни институции каде има вклучено дефектолози - Број на категоризирани деца

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
1.1. Едукативни работилници за јакнење на свеста и капацитетите на родителите во градинки и основни училишта	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Општина/ Одделение за јавни дејности	Училишта, ЦСР, Детска Градинка, Стручни служби,
1.2. Формирање на тим кој ќе работи на состојбата на децата со попреченост (барање/притисок за обезбедување на едуциран кадар за работа со децата со посебни потреби-дефектолози, образовни асистенти)	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/ Одделение за јавни дејности	Училишта, ЦСР, Стручни служби, дефектолози, образовни асистенти, наставници

Резултат	Индикатори
1. Намалена дискриминација врз основа на етничка припадност и економски статус	- Број на вклучени родители, ученици и вработени - Број на вработени лица од семејства од социјален ризик

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
1.1. Работилници и настани (програми) за јакнење на свеста на родителите, вработените во институциите, учениците	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Општина/ Одделение за јавни дејности	ГО, Меѓаши, Училишта
1.2. Посредување при вработување за семејствата од социјален ризик	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/Бизнис центар, одделение за јавни дејности	Бизниси, ЦСР, АВРМ

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 2: Секое дете, млад човек има свој глас, потреби и приоритети слушнати и земени предвид во локалните политики, буџети, програми и одлуки кои влијаат на нив;

Резултат	Индикатори
1.Општината при планирањето ги зема предвид потребите на децата	Функционален и проактивен Локален младински совет Предлози прибрани од децата кои се разгледани од општината Проактивни детски парламенти и детски правобранители со нивни заменици Функционална и проактивна младинска организација при СОУ Ванчо Прке

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
1.1 Споделување на информации за работата на ЛМС на социјални медиуми, веб страна	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/ Службеник за млади, тим за млади, ЛМС	Совет на општина Виница, ГО
1.2 Вклучување на децата во активностите на ЛМС	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/ Службеник за млади, тим за млади	ГО, Совет на Општина Виница
1.3 Поддршка на работата на ЛМС	Во континуитет	Финансии	Општина/ Службеник за млади, тим за млади	Совет на општина Виница
1.4 Волонтерски акции	Во континуитет	Човечки ресурси Финансии	Општина/одделение за јавни дејности, одделение за финасии	Училишта, Бизниси, донатори, месни заедници, локално население
1.5 Активности за прибирање на мислења и предлози од децата (преку настани, ученички парламент, социјални мрежи...)	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/одделение за јавни дејности, службеник за млади	ГО, училишта, ЛМС
1.6 Состаноци на градоначалникот и општинската администрација со детски парламенти и младински организации	Двапати годишно	Човечки ресурси	Градоначалник/ секретар, детски парламенти и младински органзации Одделение за јавни дејности	Училишта, ЛМС, ГО
1.7 Присуство на децата на седници на Советот за политики кои се важни за децата (детски парламенти, членови на ЛМС и деца)	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/одделение за јавни дејности	Училишта, ЛМС, ГО, Совет на Општина Виница
1.8 Поддршка на Младинските организации во Општина Виница	Во континуитет	Човечки ресурси Финансии	Фондација за развој на локална заедница Штип / Општина Виница	Совет на општина Виница, Месни заедници, локално население, Бизнис сектор, ГО, донатори

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 3: Секое дете, млад човек има пристап до квалитетно образование и квалитетни основни социјални услуги;

Резултат		Индикатори		
1.Намалување на проблематичното однесување кај децата		- Број на деца со проблематично однесување - Интерсекторска подостапна советодавна поддршка - Функционален тим за координација		
Активности	**Временски период**	**Потребни ресурси**	**Одговорен чинител**	**Вклучени чинители**
1.1 Советодавна работа со дисфункционални семејства и малолетници во ЈУЦСР и училишни советодавни центри	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Општина/одделение за јавни дејности, дефектолог - соработник за социјална и детска заштита во одделение за јавни дејности	ЦСР, училишта, стручни служби , експерти од таа област
1.2 Работилници со родители	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Општина/одделение за јавни дејности, дефектолог -соработник за социјална и детска заштита во одделение за јавни дејности	Училишта, ЦСР, ГО, донатори, бизниси, деца, надворешни експерти од таа област
1.3 Тим за координација меѓу ЦСР и училиштата за да се следат децата во нивниот развој и прилагодување на пристапот (база на податоци)	Во континуитет	Човечки ресурси	Општина/одделение за јавни дејности, дефектолог - соработник за социјална и детска заштита	Стручни служби, наставници, ЦСР, ГО

Резултат		Индикатори		
2.Поддршка и згрижување на деца во ризик		- Функционален центар за згрижување на децата		
Активности	**Временски период**	**Потребни ресурси**	**Одговорен чинител**	**Вклучени чинители**
1.1 Поддршка за отворање на центар за згрижување на деца во ризик	3 години	Финансии, простор, човечки ресурси, стручен кадар	Општина, Совет на општина Виница, Минитерство за социјална политика, демографија и млади, ЦСР Виница	ГО, Бизниси, донатори,полициска станица Виница

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 4: Секое дете, млад човек живее во безбедна, сигурна и чиста животна средина;

Резултат	Индикатори
1. Децата живеат во чиста и убава животна средина	- Намалување на количините на несоодветно одложен отпад - Број на изречени репресивни мерки - Број на поднесени предлози и преставки - Број на граѓани вклучени во активностите

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
2.1 Преземање мерки да се осигура зајакнат ангажман и присуство на инспектори на терен за преземање репресивни мерки	Во континуитет	Човечки ресурси Моторни возила Комунални редари	Градоначаник Секретар на Општина Совет на Општина Виница Одделение за инспекциски надзор Одделение за човечки ресурси	Инспекциски Совет Министерство за заштита на животна средина и Министерство за транспорт и врски Државен комунален инспекторат, Државен градежен инспекторат, Државен инспекторат за заштита на животната средина
2.2 Поставување на контејнери за селектирање и рециклирање отпад	2 години	Финансии Човечки ресурси	Јавно комунално претпријатие „Солидарност„ Јавно претпријатие „Кале“ с. Блатец	Министерство за заштита на животна средина, Одделение за инспекциски надзор, ГО, Месни и урбани заедници Државен комунален инспекторат
2.3 Активности за информирање и подигнување на свеста на граѓаните (вклучување на инспекторите во давање на услуги кон граѓаните и децата (советодавни и едукативни) , информации на веб страна за насоки и упатства на граѓаните како да постапуваат со соодветен отпад (кабест отпад, мебел, електронски отпад, градежен или мешан отпад, места за правење компост и фрлање органски отпад...) протоколи за добивање на јавни услуги (барања, решенија....) каде да се обратат и електронски да достават барање со рок во кој општината треба да им одговори, решенија за сечење на дрва во дворно место или јавен простор	Во континуитет	Финансии, Човечки ресурси	Градоначалник Секретар на Општина Одделение за инспекциски надзор	Општински Инспектори ГО, урбани и месни заедници ,училишта и градинки ЈКП „Солидарност“ – Виница ЈП „Кале“ с. Блатец - Виница ЦСР, Црвен крст, Хуманитарно Здружение „Умиление“
2.4 Поставување на еко-бокс и еко телефонска линија за предлози од граѓаните и комуникација со инспекторите	6 месеци	Финансии, Човечки ресурси	Одделение за инспекциски надзор, лице за односи со јавност и лице одговорно за веб страна	Урбани и месни заедници, ГО,бизнис сектор ,граѓани,ЈКП „Солидарност“ ЈП „Кале“ с. Блатец

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Резултат		Индикатори		
2. Безбедно движење на децата низ градот и населените места		- Намален број на сообраќајни прекршоци - Намален број на кучиња скитници		
Активности	**Временски период**	**Потребни ресурси**	**Одговорен чинител**	**Вклучени чинители**
2.1 Запознавање на децата со сообраќајните правила (работилници, предавања)	Во континуитет	Човечки ресурси	Инспектор за сообраќај Општински совет за безбедност во сообраќај	Училишта, полициска станица, ученици од сообраќајна струка волонтери Локален совет за превенција
2.2 Преземање мерки да се осигура казнување заради сообраќајни прекршоци (неносење кацига, несоодветно паркирање...) во текот на празниците и летниот период кога во градот има зголемено присуство на иселеници да се направи план за ефикасно функционирање на централното градско подрачје со цел нормално функционирање на градот...)	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Градоначалник, Инспектор за сообраќај, општински совет за безбедност во сообраќај	Локален совет за превенција, Полициска станица
2.3 Обезбедување паркинг простори (одлука за создавање улици во пешачки зони во одреден период на денот/денови, празници...)	1 година	Човечки ресурси, финансии	Градоначалник Секретар на Општина Виница, инспектор за сообраќај, одделение за инспекциски надзор,одделение за урбанизам Совет на Општина Виница	Бизниси, урбани заедници , општински совет за безбедност во сообраќајот, Локален Совет за Превенција, Полицска Станица Виница
2.4 Кастрирање и стерилизација на кучиња	Во континуитет	Човечки ресурси, финансии	Општина, оделение за иснпекциски надзор	Ветернинарна станица, оператор за заловување и третирање на кучиња скитници АХВ Агенција за Храна и Ветеринарство ГО , Донатори
2.5 Заловување на кучиња скитници и меѓуопштинска поддршка во започнување на иницијатива за отворање на регионален стационар за згрижување кучиња	5 години	Човечки ресурси, финансии, Простор, урбанистички планови, Техничка документација и дозволи	Градоначалник Совет на Оптина Виница Секретар на Општина Одделение за Инспекциски Надзор	АХВ Агенција за Храна и Ветеринарство Источен Плански Регион ГО, Полиција, Ветеринарен инспектор Ветеринарни станици Граѓани Здружение на пезнионери Иматели на миленици

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Стратешка цел 5: Секое дете, млад човек има можност да ужива семеен живот, игра и слободно време.

Резултат	Индикатори
1. Поголема вклученост на децата во спортски активности	- број на формирани спортски клубови -број на воннаставни спортски активности -Број на деца вклучени во спортски активности

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
1.1 Изградба на велосипедска патека	3 години	Финансии, техничка документација,дозволи за градба	Градоначалник Секретар на Општина Виница Раководител на Одделени за комунални работи Раководител на Одделение за урбанизам Раководител на Одделение за финансии Раководител на Одделение за јавни дејности	Донатори, Министерство за Транспорт и Врски Министерство за социјална политика, демографија и млади
1.2 Иницијатива до МОН за изградба на Спортска сала во ООУ„Гоце Делчев“ – Виница	1 година	Финансии, техничка документација, дозволи за градба, тендерска документација, надзор	Градоначалник Секретар на Општина Виница Одделние за Комунални работи Одделение за Урбанизам Одделение за јавни дејности	МОН Проектна Единица за изградба на училишни спортски сали
1.3 Мали маалски игралишта	Континуирано	Финансии, Техничка документација , Дозвола за градење или поставување на урбана опрема	Секретар на Општина Виница Одделение за Комунални работи Одделение за Урбанизам	Донатори Општина Виница Совет на Општина Виница Урбани месни заедници, ГО Бизнис сектор, Училишта и детски градинки Здружение на пезнионери ЈКП „Солидарност “ – Виница ЈП „Кале“с. Блатец
1.3 Загревање и опремување на спортска сала во с.Блатец	4 години	Финансии Човечки ресурси	Училиште, Градоначалник / Секретар на Општина Виница	МОН, Младински организации, Бизнис сектор, донатори, ГО, Месна заедница

Стратешки план за правата на децата на територија на Општина Виница
2025 - 2029

Резултат	Индикатори
2. Поголема вклученост на децата во активности од областа на културата	- Број на реализирани културно-уметнички програми во текот на една година -Број на деца вклучени во активностите од културата -зголемен младински активизам со користење на социјалните мрежи и поголема информираност на децата и младите -достапност/ посетеност на децата од населените места на културните настани во градот

Активности	Временски период	Потребни ресурси	Одговорен чинител	Вклучени чинители
2.1 Младински Културен Центар	3 години	Простор Финансии Човечки ресурси	Градоначалник Секретар на Општина ЛМС Службеник за млади	Училишта Дом на Култура Тошо Арсов Локален Археолошки Музеј „Теракота“ - Виница ГО Младински организации Донатори Совет на Општина Виница Бизниси Здруженија на уметници и културни работници
2.2 Редовен репертоар на филмови, претстави, концерти, фестивали преку дом на култура	Континуирано	Простор Финансии Човечки ресурси	Дом на Култура Тошо Арсов Секретар на Општина Виница Лице за односи со јавност Раководител на Одделение за јавни дејности	Министерство за култура и туризам Министерство за образование Донатори Бизниси ГО Здружение на пензионери Училишта Градинка Младински организации ЛМС
Активности за негување на традицијата	Континуирано	Простор Финасии Човечки ресурси	Општина Виница Лице за односи со јавноста Раководител на одделение за јавни дејности Фолклорен Ансамбл „Китка“ село Истибања	Дом на Култура „Тошо Арсов “ - Виница Локален Археолошки Музеј „Теракота “ - Виница ГО Локални уметници и занаетчии Занаетчиска Комора ЛМС Здружение на жени „Златно Доба“ Училишта, детска градинка Фолкорен Ансамбл Китка село Истибања Здружение на пензионери Виница
Реновирање на кино сала во с.Блатец	4 години	Финасии Човечки ресурси	Одделение за комунални работи Одделение за урбанизам, Фондација за развој на локална заедница Штип / Општина Виница	Совет на општина Виница, Месни заедници, локално население, Бизнис сектор, ГО, донатори, Министерство за култура и туризам , Младински организации, Министерство за образование и наука

Општина Виница

www.vinica.gov.mk

ovinica@t.mk

Веб-страница

www.placetogrow.mk

Е-пошта

info@placetogrow.mk

Финансирано од Европска Унија

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и Општината и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.

